Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги
ИДС-КОМ
ДООЕЛ експорт-импорт Куманово
Примено: 04.12.2020
Орг.единица | Број | Прилог | Вредност
0307-1134

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ бр. 219/20-5
25.11.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

## ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА
## - на опрема за видео надзор - безбедносни камери, нивна испорака и монтажа во судската зграда

Склучен на ден 25.11.2020 година во Крива Паланка, помеѓу:

ДОГОВОРНИОТ ОРГАН: Основен суд Крива Паланка, со седиште на ул. „Свети Јоаким Осоговски" бр. 142, со ЕМБС 4027434, претставуван од Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска (во натамошен текст-Договорен орган), и

ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР - ПОНУДУВАЧОТ: Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ експорт - импорт Куманово, со ЕМБС 6073433, со седиште на ул. Христијан Тодоровски Карпош бр. 85, Куманово, претставуван од овластено лице Јулијана Стојчевска од Куманово, (во натамошниот текст - Носител на набавката).

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на опрема за видео надзор - безбедносни камери, нивна испорака и монтажа во судската зграда, согласно објавениот оглас за јавна набавка бр. 16330/2020 на ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда, СУ.бр. 219/20-4 од 17.11.2020 година.

### II. ИСПОРАКА И ПРИЕМ НА СТОКИТЕ

Член 2

Носителот на набавката е должен предметот на договорот - опремата за видео надзор да ја испорача до седиштето на договорниот орган - судот, лоцирано во Крива Паланка на улица Свети Јоаким Осоговски бр. 142 по склучување на овој договор, а по претходно добиена нарачка од овластено лице на судот и во договор со судот да ја монтира - постави во време кое ќе биде погодно за судот, а со цел да не се наруши и попречи неговото тековно работење.

Договорниот орган се обврзува приемот на стоките - опремата да го потврди на соодветен документ (испратница и сл.), со потпис од овластено лице за прием на стоките во судот.

Член 3

Испорачаните стоки - опрема за видео надзор, треба да ги поседуваат техничките карактеристики наведени во понудата на носителот на набавката, кои технички карактеристики во целост одговараат на пропишаните технички спецификации на договорниот орган наведени на страна 12 и 13 од тендерската документација и тоа:

| Бр. | Спецификација | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Минимум 2-Мегапикселна булет IP камера<br><br>-Камерата треба да има минимум 1/2.9"CMOS прогресивно скенирање<br>-Камерата треба да има минимална резолуција од (1920x1080)<br>-Камерата треба да има осетливост на светлина од минимум 0 лукси @ (F2.0) со инфрафред<br>-Камерата треба да има вградена леќа од минимум 3.6 милиметри (@F2.0) со хоризонтално видно поле од 83°<br>-Камерата треба да има минимум 3DNR дигитална редукција на звук<br>-Камерата треба да има широко динамичен опсег D WDR<br>-Камерата треба да има можност за ротација во 3 оски од Pan:<br>0°-360°, Тилт 0°-90°, Ротација од 0°-360°<br>-Камерата треба да има BLC<br>- Камерата треба да има протоколи HTTP;TCP;ARP;RTSP; RTP;UDP;RTCP;SMTP;FTP;DHCP;DNS;DDNS;PPPOE;IPv4 /v6;SNMP;QoS;UPnP;NTP<br>-Камерата треба да биде компатибилна со ONVIF, PSIA и CGI<br>-Камерата треба да има работна температура од минимум -30°C ~ +60°C<br>-Камерата треба да има кондензација до влажност од минимум 95%<br>-Камерата треба да има PoE напојување<br>-Камерата треба да биде со минимум IP67 заштита или еквивалентно<br>-Камерата треба да има вградено минимум 18 инфра црвени ледици со опсег минимум 30м | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Минимум 2-Мегапикселна куполна IP камера<br><br>-Камерата треба да има минимум 1/3"CMOS прогресивно скенирање<br>-Камерата треба да има минимална резолуција од (1920x1080)<br>-Камерата треба да има осетливост на светлина од најмалку 0 лукси @ (F2.0) со инфраред<br>-Камерата треба да има вградена леќа од најмалку 2.8 милиметри (@F2.0) со хоризонтално видно поле од 104°<br>-Камерата треба да има 3DNR дигитална редукција на звук<br>-Камерата треба да има широко динамичен опсег D WDR<br>-Камерата треба да има можност за ротација во 3 оски од Pan:<br>0°-360°, Тилт 0°-90°, Ротација од 0°-360°<br>-Камерата треба да има BLC<br>- Камерата треба да има протоколи HTTP;TCP;ARP;RTSP; RTP;UDP;RTCP;SMTP;FTP;DHCP;DNS;DDNS;PPPOE;IPv4 /v6;SNMP;QoS;UPnP;NTP<br>-Камерата треба да биде компатибилна со ONVIF, PSIA и CGI<br>-Камерата треба да има работна температура од минимум -30°C ~ +60°C<br>-Камерата треба да има кондензација до влажност од минимум 95%<br>-Камерата треба да има PoE напојување<br>-Камерата треба да биде со минимум IP67 заштита или еквивалентно<br>-Камерата треба да има вградено минимум 18 инфра црвени ледици со опсег минимум 30м | 2 |
| 3 | Мрежен видео рекордер за 16 камери<br><br>-Мрежниот рекордер треба да има можност за поврзување од минимум 16 IP камери<br>-Мрежниот видео рекордер треба да има влезен bandwidth од минимум 96 Mbps<br>-Мрежниот рекордер треба да има минимум еден HDMI излези со и минимум еден VGA излез<br>-Мрежниот рекордер треба да има минимум еден аудио влез и еден аудио излез<br>-Мрежниот рекордер треба да има минимум формати на декодирање H.264+/H.264<br>-Мрежниот рекордер треба да подржува минимум 5MP резолуција на снимање<br>-Мрежниот рекордер треба да има можност за поврзување на минимум 2 хард диска, со капацитет од минимум 6TB<br>-Мрежниот рекордер треба да има работна температура од минимум работна температура од -10εC~+55εC<br>-Мрежниот рекордер треба да има работна влажност од минимум 0 до 90% | 1 |
| 4 | Хард диск минимум 6TB<br><br>-Хард дискот треба да биде наменет за 24/7 работа<br>-Хард дискот треба даима минимум капацитет 6TB<br>-Хард дискот треба датреба да има брзина на трансфер од минимум 6Gb/s<br>-Хард дискот треба да има MTBF од минимум 1.000.000 работни саати | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Заштитна кутија за конектирање на камера<br><br>-Кутијата треба да биде водоотпорна со заштита IP65<br>-Кутијата треба да има димензии 200x150x80mm | 9 |
| 6 | Свич со минимум 16 порти PoE<br><br>-Свичот треба да има минимум 16PoE порти 10/100Mbps,<br>-Свичот треба да има минимум 1 uplink<br>-Свичот треба да има минимум PoE протоколи IEEE802.3af, IEEE802.3at,<br>-Свичот треба да има минимум PoE буџет од минимум 240W | 1 |
| 7 | Испорака и полагање на мрежен кабел<br>FTP минимум Cat.6 LSZH | 305м |
| 8 | Монитор за видео надзор<br>-Мониторот треба да е со ознака за работа од 24x7<br>-Мониторот треба да биде со големина од минимум 21.5"<br>-Мониторот треба да има резолуција минимум 1920x1080<br>-Мониторот треба да има осветленост минимум 200cd/m<br>-Мониторот треба да има контраст минимум 1000 : 1<br>-Мониторот треба има минимум време на одзив 5m/s<br>-Мониторот треба да има интегрирани звучници<br>-Мониторот треба да има минимум еден влез VGA и минимум еден влез HDMI | 1 |
| 9 | Испорака и полагање на пластични канали со димензии минимум 25x25 | 70м |
| 10 | Испорака и полагање на пластични канали со димензии минимум 40x25 | 10м |
| 11 | Испорака и полагање на пластично црево со димензии минимум F16 | 10м |
| 12 | УПС уред<br>-УПС-от треба да има јачина од минимум 1500VA<br>-УПС-от треба да има моќност од минимум 900W<br>-УПС-от треба да има вградена автоматска регулација на волтажа (AVR)<br>-УПС-от треба да има минимум 3 (три) приклучоци за уреди на него | 1 |
| 13 | Rack ормар, соодветен за безбедно чување на мрежниот видео рекордер и PoE switch-от<br>со сите потребни додатоци за ставање во функција на компонентите во ормарот | 1 |
| 14 | Монтажа на опрема<br>Поврзување на камери<br>Подесување на снимач<br>Обука за ракување со системот<br>Примопредавање на системот | паушал |

Член 4

Испорачаните стоки - опрема за видео надзор предмет на овој договор, ќе бидат предмет на проверка од страна на овластено лице во судот и доколку истите не се идентични со стоките предмет на понудата на носителот на набавката (доколку постои отстапување помеѓу она што е предмет на понуда и она што е предмет на испорака), договорниот орган може да направи рекламација најдоцна во рок од 5 - пет дена сметано од денот на приемот на стоките, за што е должен да изготви записник за утврдените недостатоци, потпишан од овластеното лице за прием на стоките кај договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ја разгледа рекламацијата и најдоцна во рок од 5-пет дена да го извести договорниот орган за основаноста на рекламацијата и за мерките што ќе бидат преземени.

## III. ЦЕНИ, УСЛОВИ, НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Стоките - опремата за видео надзор предмет на набавка со овој договор, договорниот орган ги купува за вкупна цена во износ од 161.000,оо (сто шеесет и една илјади) денари без вклучен ДДВ, или со вклучен ДДВ во износ од 25.185,оо (дваесет и пет илјади сто осумдесет и пет) денари, вкупен паричен износ од 186.185,оо (сто осумдесет и шест илјади сто осумдесет и пет) денари.

Носителот на набавката е должен стоките предмет на овој договор да ги испорача и монтира согласно понпаред наведената и постигната најниска цена на електронската аукција, а која цена е најповолна, и истата ќе биде фиксна (непроменлива) за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

### Член 6

Како ден на испорака на стоките се смета денот кој е впишан во документот за прием на стоките.

За испорачаните стоки, договорниот орган е должен да му ја плати на носителот на набавката фактурираната цена, доколку е во согласност со цената утврдени во членот 5 од овој договор.

Начинот на плаќање е вирмански, по испорака на стоките и монтажа, а по доставување на фактурата со испратница, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата со испратница во архивата на договорниот орган, при што, носителот на набавката е должен во фактурата да го наведе бројот и датумот на огласот, и посебно да ја искаже вредноста на стоките, односно поединечната цена на сите ставки предмет на набавка, како би можеле истите вредносно да бидат внесени во евиденцијата на основните средства на судот.

## IV. ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 7

Доколку носителот на набавката испорачува стоки со други карактеристики кои не се предмет на неговата понуда и се спротивни на бараните технички спецификации од договорниот орган и по писмена опомена од договорниот орган во рок од 8 (осум) дена не ги испорача бараните стоки, како и во случај кога носителот на набавката и покрај писмената опомена, доцни со испораката на стоките без оправдани причини, договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

### Член 8

Во случај договорниот орган да задоцни со плаќањето на фактурата од неоправдани причини, носителот на набавката има право на казнена камата определена со закон.

ДС-КОМ ДООЕЛ експорт-импорт КУМАНОВО

## V. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 9

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за превземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

## VI. ГАРАНЦИЈА НА ИСПОРАЧАНИТЕ СТОКИ

Член 10

Гарантиот рок на испорачаните стоки изнесува најмалку 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на испораката и поставувањето на стоките во судската зграда.

Носителот на набавката е должен при испораката и монтажата на стоките предмет на овој договор, да приложи писмена гаранција дека истите ги поседуваат бараните технички спецификации согласно тендерската документација и поднесената понуда и во случај на евентуално нефункционирање на опремата или евентуални оштетувања на опремата кое би настанало без вина на договорниот орган во времетраење од најмалку 12 (дванаесет) месеци, односно во рок определен во декларацијата на производителот, сметано од денот на поставување на опремата и пуштање во употреба, истите да бидат отстранети на товар на носителот на набавката.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој договор стапува на сила од моментот на неговото потпишување од страна на овластените претставници на договорните страни, а извршувањето на обврските во поглед на испораката, монтажата и ставањето во функција на стоките во судската зграда и нивното плаќање трае до 31.12.2020 год.

Член 12

Во случај да настане спор помеѓу договорните страни во врска со одредбите на овој договор, истите ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено, а доколку не се постигне спогодба, за решавање на настанатите спорови, ќе биде надлежен Основниот граѓански суд Скопје.

Член 13

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
|---|---|
| ДПТИУ ИДС - КОМ Куманово | Основен суд Крива Паланка, |
| Овластено лице, | Претседател, |
| Јулијана Стојчевска | Љубица Цветковска Стојановска |